РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
III Бр.-Nr. 04-8607/8
28.07 2025 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

_______________2025

Врз основа на Член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 02/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ, бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022, 208/2024, 210/2024), Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**ОДЛУКА**

**за неизбор на кандидат за административен службеник по јавен оглас**

1. За работното место број 1: **УПРО101В02000 Виш соработник за собирање, класифицирање и административна контрола на податоците од регистрите на министерството Подрачна Единица Гевгелија** Сектор за организација и координација на подрачни единици во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.**

2. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-1595/5 од 11.07.2025 година, во функција за спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работните задачи за работно место од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас број 677/2025 објавен на 02.07.2025 година во дневните весници „Слободен Печат", „Нова Македонија" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селеција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување по Јавен оглас Комисијата до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достави Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување број 10-1595/6 од 23.07.2025 година, на огласот се пријавени вкупно два (2) кандидати од кои два (2) неуредни ,согласно горенаведеното нема кандидат кој се квалификува за вработување на горенаведеното место.

Врз основа на горенаведеното Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
Борче Серафимовски

**ДОСТАВЕНО ДО :**
-Човечки ресурси
-Агенција за администрација